**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**БИРО ЗА ЛЕКОВИ**

## ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОМЕТ НА МАЛО СО ЛЕКОВИ ШТО СЕ ПРОДАВААТ БЕЗ РЕЦЕПТ

- ✓ **Барање** за добивање одобрение за промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт
  Барањето треба да содржи точно име на подносителот на барањето - правно лице кое е регистрирано и врши промет на големо и промет на мало со храна, пијалаци и тутун и/или е регистрирано и врши трговија на мало со нафтени деривати на бензински станици според Законот за трговските друштва, единствен матичен број на правното лице, адреса на седиштето на правното лице и адреса на продавниците во кои се врши и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун или продавници во кои се врши трговија на мало со нафтени деривати на бензински станици, телефон за контакт и одговорно лице во постапката;

- ✓ **ИМОТЕН ЛИСТ** за објектот или за делот од објектот во кој се наоѓа продавницата, како доказ за утврдување на правниот статус на објектот или делот од објектот ка легален и деловен простор (во имотниот лист треба да се биде наведена адресата н објектот (улица и број), а делот од објектот каде се врши дејноста да е утврден ка деловен простор)
- ✓ **ДОГОВОР ЗА ЗАКУП на објектот** се доставува кога просторот не е во сопственост на основачот на правното лице

- ✓ **РЕШЕНИЕ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР на РМ** за упис на правното лице

Административни такси од 250,00 денари на образец ПП50 *(се приложува оригиналот):*
**Трезорска сметка: 10**0000000063095

**Уплатна сметка:**
840 - број на општина - 03161
**Приходна шифра:** 722313 00
**Депонент:** Народна Банка на РМ
**Назив на примачот**: Буџет на РМ
**Назнака:** за одобрение за промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт

Уплатница од 6000 денари *(се приложува оригиналот)*:
**Трезорска сметка: 1**00000000063095
**Сметка на буџетски корисник:**
190010043478719
**Приходна шифра и програма:** 723819-30
**Депонент:** Народна Банка на РМ
**Назив на примачот:** Министерство за здравство
**Назнака:** за одобрение за промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт

***Документите се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар***

***Напомена:*** Правните лица кои имаат повеќе од 10 подружници ќе плаќаат надоместок само за десетте подружници, односно не повеќе од 60.000 денари.

**ЗАКОНИ И ПОДЗАКОНСКИ АКТИ:**

- Закон за лековите и медицинските помагала („Службен весник на РМ“ бр. 106/07,88/2010, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13 и 27/14)
- Закон за изменување и дополнување на законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на РМ“ бр. 27/14)

Согласно член 5 од Закон за изменување и дополнување на законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на РМ“ бр. 27/14) за населени места со повеќе од 30.000 жители,промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт се врши во продавница со површина од најмалку 100 м2 и опремена со посебни полици за лекови, во која се врши И трговија на мало со храна, пијалаци и тутун или во продавница со површина од најмалку 30 м2 и опремена со посебни полици за лекови, во која се врши трговија на мало со нафтени деривати на бензински станици. За населени места со помалку од 30.000 жители, промет на мало со лекови што се продаваат без рецепт се врши во продавница со површина од најмалку 50 м2 и опремена со посебни полици за лекови, во која се врши и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун или во продавница со површина од најмалку 25 м2 и опремена со посебни полици за лекови, во која се врши трговија на мало со нафтени деривати на бензински станици.